мај 17, 2023

Акција на МВР и Обвинителство - 15 уапсени за продажба на дрога и оружје

Macedonian police. MOI.

Во полициска акција спроведена рано утринава 15 луѓе биле уапсени, по направени претреси на 27 локации во Арачиново, Сингелиќ, Кисела Вода, Карпош и Шуто Оризари, соопшти Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција под чие раководство се водла акцијата.

Јавниот обвинител кој постапувал по кривичната пријава, донел наредба за спроведување на истражна постапка против 18 луѓе, кои биле осомничени дека сторителе кривични дела. Тројца биле недостапни за полицијата и обвинителството.

12 од нив за кривично дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, а петмина за кривично за неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи. Еден е спроведен за сомненија за двете дела.

Во периодот од јули 2022 до мај 2023 првоосомничениот и седум други осомничени се здружиле и пуштале во промет кокаин и марихуана. Првоосомничениот ја купувал дрогата од непознати лица од Косово и Албанија и ја криел на локации во село Сингелиќ во Скопје, а потоа со седумте осомничени ја препродавале во Скопје, Велес и други градови, вела од Обвинителството.

ВИДЕТЕ И ОВА:
Секој трет во земјава поседува оружје

Во периодот од декември 2022 до мај 2023 година деветоосомничениот заедно со петмина осомничени, како група набавувале и продавале поголема количина огнено оружје и муниција. Тој неовластено набавил автоматска пушка „Калашников“ со калибар 7.62 милиметри од Косово, а во повеќе наврати од двајца осомничени, кои се сопственик и управител на правно лице – стрелиште и кои нелегално продавале муниција набавена за потребите на стрелиштето, нелегално набавил поголема количина на муниција – куршуми, по цена од 40 – 45 денари за еден куршум и тоа: 800 куршуми калибар 7.65 мм, 300 куршуми калибар 7.62мм.

Петнаесет осомничени во текот на денот ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка при Основниот кривичен суд Скопје, додека тројца се недостапни на органите на прогонот, се вели во соопштението на Обвинителството.

Обвинителот проценил дека постојат околности за бегство, сокривање, фалсификување или уништување на трагите на кривичното дело и влијание врз сведоци, по што на судијата на претходна постапка му предложил определување на притвор за сите осомничени.

Според Кривичниот законик на сторителите на кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори им се заканува казна затвор од најмалку пет години, додека за кривичното дело Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл. 396 ст.3 е предвидена казна затвор од најмалку осум години.

видi ги сите денешни вести

мај 19, 2023

Заврши расправата по измените на Законот за урбанистичко планирање, ќе се гласа дополнително

Мултимедија

Во акција со украинските сили во Бахмут

Запознајте ги најмладите автори на книги во светот

Украинка помогна да биде пронајден рускиот војник за кој тврди дека ја силувал

Што ќе се случува во Белорусија ако умре Лукашенко?

Тинејџерка со церебрална парализа: „Вклучете ги мозоците и за нас, поинаквите“

Најпосетени

1 Избори во Турција: Се поизвесен втор претседателски круг

2 Анестезиологот ТикТокер осуден на 15 месеци затвор

3 Почина ученичка, десетта жртва од масовното убиство во школото во Белград

Што треба да знаете

Што треба да знаете

Ако сте заинтересирани за подлабоки анализи на случувањата во Македонија и во светот, сигурно ќе ви се допадне освртот „Што треба да знаете“. Ќе имате можност да ги осознаете актуелните настани од еден друг агол. Нивното значење за сегашноста и за иднината.
Секој петок на вашиот мејл.

Можете да се пријавите со вашиот мејл подолу.

Оваа услуга е и секогаш ќе биде бесплатна.

Е-пошта

☐ Со ова се согласувам РСЕ да ја користи мојата е-пошта за да ми го испраќа овој билтен.

Пријави се

За информации за нашата политика на приватност, ве молиме посетете ја нашата веб страница.

Собрание на РСМ

Во Собранието денеска заврши расправата за предложените измени на Законот за урбанистичко планирање по скратена постапка, кој е дел од пакетот закони за изградба на коридорите 8 и 10 д. За предлог законот ќе се гласа дополнително.

Во текот на дебата од опозицијата уште еднаш обвинија дека е злоупотребено европското знаменце, дека Договорот за „Бехтел и Енка“ е склучен врз непостоечки закони, дека со него и со останатите закони се руши целокупниот систем на планско планирање и градење во државата, и дека се отвара врата за корупцијата.

„Начинот на кој Благој Бочварски и Артан Груби сакаат да го протуркаат овој закон беше со наоѓањето на врвни експерти од делот на урбанизмот кој се нафатија да се потпишат на некој закон со кој се суспендира целата постапка за изградба или се суспендира она што важи законска регулатива за сите останати субјекти во Република Македонија“, рече Игор Здравковски од ВМРО-ДПМНЕ.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Протест во Белград - „Србија против насилството“

Србија-Белград-Трет протест „Србија против насилството“ во Белград, 19 мај 2023 година.

Под слоганот „Србија против насилството“, граѓаните во Белград по трет пат излегоа на улиците на покана на опозицијата. Причина за протестот е незадоволството од реакцијата на власта по двете масовни убиства на почетокот на мај во кои загинаа 18 лица, а 21 беа повредени.

Собирот започна пред Собранието на Србија. Ден пред протестот во Собранието на Србија почна расправа за безбедносната состојба во земјата и околностите кои довеле до двете злосторства.

Седница на Собранието на која ќе се расправа за безбедноста беше едно од барањата на протестот.

Меѓу другите барања се и оставка на министерката за полиција Братислава Гашиќ и директорот на Безбедносно информативната агенција Александар Вулин.

Тие бараат и замена на Регулаторното тело за електронски медиуми, затворање на таблоидите кои пропагираат насилство и го прекршуваат кодексот и одземање на националните фреквенции од телевизиите Пинк и Хепи.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Бајден на самитот Г-7 најавил поддршка од САД за обука на украинските пилоти за борбените авиони Ф-16

Американскиот претседател Џо Бајден

Американскиот претседател Џо Бајден им рекол на лидерите на Г7 дека САД ќе ги поддржат заедничките напори на западните сојузници за обука на украинските пилоти за борбените авиони Ф-16, пренесе Си-Ен-Ен, цитирајќи висок американски функционер.

Агенцијата АП пак, цитираше двајца официјални претставници кои велат дека американскиот лидер им рекол на сојузниците дека обуката ќе се одржи во Европа во следните неколку недели, иако сè уште се разговара за тоа кога и колку авиони ќе бидат обезбедени.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Слета првиот руски авион во Тбилиси по укинувањето на забраната за летови

Грузија -- Авион Азимут слета во Тбилиси од Москва

Десетици Грузијци демонстрираа пред аеродромот во главниот град на Грузија откако слета руски патнички авион во оваа земја за прв пат од 2019 година.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Пожар во кинеска рударска компанија во Србија

Пожар во кинеска рударска компанија „Жијин“ во Бор - Србија

Дваесет рудари се спасени од пожарот што избувна во производниот погон на кинеската компанија „Зицин“ во Бор, на истокот на Србија. Според компанијата, пожарот избувнал околу 11 часот на површината, која е извозна шахта на рудникот „Јама“ во Бор.

„Причина за пожарот најверојатно е палењето на лентата што ја покрива дробилката. Со брза реакција на противпожарната и спасувачката екипа и Секторот за безбедност на производството, како и другите спасувачки единици на компанијата, сите вработени се евакуирани и се надвор од опасност“, соопштија од компанијата.

Според информациите, пожарот бил изгаснат околу 13 часот, а како што додаваат од компанијата „понатамошната детална истрага ќе ги утврди деталите за овој настан“.

Директорката на Општата болница во Бор, Ана Голубовиќ Спасојевиќ, за Радио Слободна Европа (РСЕ) потврди дека во болницата се примени 15 рудари.

„Превентивно ги држевме под опсервација. Сите се стабилни и очекуваме така да остане. Ќе останат во болница онолку колку што сметаме дека е потребно“, изјавиГолубовиќ Спасојевиќ.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Д-р Ѓорѓиевски: Сè поголем е бројот на лекари кои заминуваат од земјава

Илустративна фотографија

Сè поголем е бројот на лекари кои заминуваат од земјава изјави денеска д-р Драган Ѓорѓиевски, претседател на Здружението на лекари по општа семејна медицина на прес-конференцијата, по повод Светскиот ден на семејниот лекар.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

ОН: Околу 800.000 луѓе се загрозени по циклонот Мока во Мјанмар

Мјанмар

Околу 800.000 луѓе се загрозени по циклонот Мока во Мјанмар, објавија во петокот Обединетите нации, додека воените власти во Јангон проценуваат дека загинале 145 лица.

„На најмалку 800.000 луѓе им е потребна итна помош во храна“, рече заменик директорот на Светската програма за храна за Азија и Пацифик, Антеа Веб.

Таа рече дека откако циклонот поминал, патиштата биле отсечени, уништени се куќи, болници и училишта, а телекомуникациите биле отсечени.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Ковачевски: Коалициските партнери даваат поддршка за продолжување на европскиот пат

Димитар Ковачевски - Премиер на РСМ

ВМРО-ДПМНЕ ќе мора да одлучи дали ќе се приклучи на европскиот блок или ќе остане во заложништво на Левица. Многу брзо ќе треба да одлучат дали ќе го фатат последниот воз и ќе се приклучат на проевропскиот блок кој неминовно оди и носи одлуки за приклучување на Северна Македонија во ЕУ, изјави денеска премиерот Димитар Ковачевски по средбата со коалициските партнери.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Зеленски на самитот на Арапската лига во Саудиска Арабија

Володимир Зеленски пристигнува во Саудиска Арабија, 19 мај 2023 година

Украинскиот претседател Володимир Зеленски ненадејно дојде на самитот на Арапската лига во Џеда во петокот, на кој за прв пат по повеќе од една деценија присуствува и сирискиот претседател Башар ал Асад.

На 19 мај Зеленски објави дека ја започнал посетата на Саудиска Арабија, со цел „да ги подобри билатералните односи на Украина и врските со арапскиот свет“.

Тој рече дека ќе им се обрати на учесниците на самитот на Арапската лига и ќе разговара за третманот на муслиманските Татари кои живеат под руска окупација на Крим.

Зеленски дојде во Саудиска Арабија по посетата на многу земји, главно сојузници на Украина.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Самит на Г7: Нови санкции против Русија

Самит на Г7

Лидерите на членките на Г7 - САД, Јапонија, Германија, Велика Британија, Франција, Италија и Канада порачаа дека се погрижиле Украина да ја има потребната финансиска поддршка за оваа година и почетокот на 2024 година.

Тие ја повторија својата посветеност да обезбедат финансиска и воена поддршка на Киев во борбата против Москва. Рекоа дека преземаат нови чекори за да се осигураат дека руската агресија врз Украина нема да успее и да го поддржат украинскиот народ во „потрагата по праведен мир заснован на почитување на меѓународното право".

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Агелер: Од Софија слушнавме многу агресивен јазик

Северна Македонија - Амбасадорката на САД во Северна Македонија, Ангела Агелер, Скопје 8.11.2022

Американската амбасадорка Анцела Агелер вели дека има многу историја меѓу Северна Македонија и Бугарија, многу заеднички интереси, но нагласува дека има и луѓе, кои би биле многу среќни да креираат дополнителен хаос, оние кои имаат политички придобивки од обидите да креираат наративи околу македонскиот јазик, македонскиот идентитет.

Алегер во интервју за МИА во однос на стравувањата на граѓаните дека бугарските барања нема да запрат со внесувањето на Бугарите во Уставот, но и во однос на пораките од Софија, вели дека е точно дека од соседот на Северна Македонија, но и од други слушнавме многу агресивен јазик, кој не е заснован на факти.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Велика Британија со нови санкции против Русија

Илустративна фотографија

Велика Британија воведе нов пакет санкции против Русија, насочени кон компании поврзани со кражба на украинско жито и лица вклучени во снабдувањето со руски енергетски производи.

Санкциите се насочени кон големите руски компании за енергетика и транспорт на оружје, вклучително и оние поврзани со руската државна нуклеарна компанија Росатом и сопственикот на руската компанија за бакар, Игор Алтушкин.

На санкционираната листа има 86 лица и субјекти.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Дамева поднесе тужба до Управниот суд за нејзиното разрешување

Поранешната претседателка на Судски совет Весна Дамева

Поранешната претседателка на Судски совет Весна Дамева поднесе тужба до Управниот суд со која ја оспорува законитоста на донесената одлука за нејзиното разрешување од функцијата претседател на Судскиот совет.

„Поднесов тужба до Управниот суд, со која ја оспорувам законитоста на донесената одлука за мое разрешување од функцијата претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, која во основа се заснова на фактите кои веќе и се познати на јавноста, а тие се дека одлуката е донесена без постоење на законски основ и без да биде спроведена постапка пропишана со закон“, изјави Дамева за МИА.

Дамева поднела и кривична пријава до ОЈО Скопје поради како што вели постоење на основи на сомнение дека е сторено и кривично дело Злоупотреба на службената должност и овластување, со цел да биде разрешена.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Егзекутирани три лица во Иран

Саид Јагуби, Салех Мирхашеми, Маџид Каземи беа егзекутирани во Исфахан, Иран - 19 мај 2023 година

Тројца мажи беа егзекутирани во Иран поради неодамнешните протести, пренесува агенцијата Ројтерс.Маџид Каземи, Салех Мирхасеми и Саид Јагуби беа егзекутирани во централниот град Исфахан, поради поврзаност со смртта на тројца припадници на безбедносните сили.

Меѓународната организација Амнести интернешенел во вторникот објави дека бројот на смртни казни извршени во Иран се зголемил од 314 во 2021 година на 576 во 2022 година.

прочитај повеќе

мај 19, 2023

Дојави за бомби во Белград и Нови Сад

Илустративна фотографија

На адресите на повеќе институции во Нови Сад и Белград пристигнаа пријави за бомби, а полицијата е на терен и врши увид. Евакуирани се објекти на неколку локации во Нови Сад.

Како што потврдија за Радио Слободна Европа, заканите пристигнале на адреса на Филозофскиот факултет, Спортскиот бизнис центар на Војводина (СПЕНС), Техничкиот факултет и уште неколку институции.

Полицијата по добиените пријави ги евакуирала тие објекти.

прочитај повеќе

Вчитај повеќе

Радио Слободна Европа / Радио Слобода. Сите права се резервирани